**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 11-48
10.02. **2014 година**
**С к о п ј е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 4, член 141 став 13 и член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14) и Извештајот бр.11-726/1 од 05.02.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр. 02-813/4 од 07.02.2014 година, поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовузулени медиумски услуги, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, на 07-та седница, одржана на 07.02.2014 година, донесе:

**Решение**
**за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа Алтра Сат 2000 - Охрид, на ден 29.01.2014 година, направил повреда на член 141 од од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14).

2. Повредата од став 1 од оваа точка, е сторена на ден 29.01.2014 година, во 12,00 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор, е констатирано дека во кабелската станица на ТРД Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Алтра Сат 2000 - Охрид, со седиште во Охрид, се реемитуваат следниве телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на надлежната Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски сервиси: RTL, Rai Uno, ZDF, Sport Klub 1, National Geograpnic Wild, Eurosport 1, Cartoon Network, Travel, National Geographic, HRT 3, Balkanika, Sport Klub 2, Fox Crime, HRT 1, Boomerang, Ultra, Cinemania, RTS 1, Fen TV, CNN,KCM 3, Sat, Сител, Телна, Канал 5, БНТ, Наша ТВ, 24 вести, НТВ, Алсат – М, Канал 5 плус, Морис и Алфа ТВ.

3. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, Алтра Сат 2000 - Охрид веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси:RTL, Rai Uno, ZDF, Sport Klub 1, National Geograpnic Wild, Eurosport 1, Cartoon Network, Travel, National Geographic, HRT 3, Balkanika, Sport Klub 2, Fox Crime, HRT 1, Boomerang, Ultra, Cinemania, RTS 1, Fen TV, CNN,KCM 3, Sat, Сител, Телна, Канал 5, БНТ, Наша ТВ, 24 вести, НТВ, Алсат – М, Канал 5 плус, Морис и Алфа ТВ.

4. По истекот на рокот определен во точка 3 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по налогот (во целост, делумно или не постапил).

5. Ова решение е конечно.
   Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 29.01.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмскиот пакет на операторот Алтра Сат 2000 - Охрид, при што на лице место, во неговата кабелска станица, со седиште во Охрид, констатираше дека направил повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), на начин реемитувал странски и домашни телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на надлежната Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски сервиси.

Повредата е сторена на ден 29.01.2014 година, во 12,00 часот, кога, во постапка на вонреден програмски надзор, е констатирано дека во кабелската станица на ТРД Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Алтра Сат 2000 - Охрид, со седиште во Охрид, се реемитуваат следниве телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на надлежната Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски сервиси: RTL, Rai Uno, ZDF, Sport Klub 1, National Geograpnic Wild, Eurosport 1, Cartoon Network, Travel, National Geographic, HRT 3, Balkanika, Sport Klub 2, Fox Crime, HRT 1, Boomerang, Ultra, Cinemania, RTS 1, Fen TV, CNN,KCM 3, Sat, Сител, Телна, Канал 5, БНТ, Наша ТВ, 24 вести, НТВ, Алсат – М, Канал 5 плус, Морис и Алфа ТВ.

Следствено на тоа, а врз основа на член член 141 став 13 и член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-726/1 од 05.02.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр. 02-813/4 од 07.02.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 07-та седница одржана на ден 07.02.2014 година, донесе решение со кое на споменатиот оператор му наложи исклучување на реемитувањето на нерегистрираните телевизиски програмски сервиси, детализирани во изрека на ова решение.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението. Исто така, по истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по налогот (во целост, делумно или не постапил).

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД оператор на јавна електронска комуникациска мрежа Алра Сат 2000 – Охрид;
- Управителот на ТРД оператор на јавна електронска комуникациска мрежа Алра Сат 2000 – Охрид;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.